Во однос на барањето од точките еден и два, во периодот од 2003, заклучно со 30 јуни 2023 година, до Судот се поднесени вкупно 258 барања за заштита на слободите и правата, од кои 289 подносители се од машки пол, а 124 подносители се од женски пол. Во дел од барањата, се јавуваат повеќе подносители. Притоа, во уставно-судската практика не е пронајден предмет во кој како причина за поднесување на барањето се наведува коруптивното однесување на физичко или правно лице.

Во смисла на третото прашање, Судот нема протокол за одлучување во кој се интегрирани родови перспективи. Меѓутоа, правото на еднаквост од член 9 од Уставот, Судот го штити преку надлежноста за оценка на согласноста на законите со Уставот, за согласноста на колективните договори и другите прописи со Уставот и законите, како и за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженија на граѓани. Во рамки на оваа своја надлежност за апстрактна контрола на нормативните акти, Судот има интервенирано во норми со кои е повреден принципот на еднаквост од член 9 од Уставот. Пример за наведеното е Одлуката У.бр.114/2014 од 29 јуни 2016 година со која Судот го укинал член 104 став 2, во делот: „(маж), односно до 65 години возраст (жена)“ и став 4, во делот: „(маж), односно најмногу до 65 години возраст (жена)“ од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015 и 72/2015), оценувајќи дека не е во согласност со уставно утврденото начело на еднаквост на граѓаните по основ на полот, определено во член 9 од Уставот. Одлуката е достапна на интернет - страната на Судот, www.ustavensud.mk.

Освен тоа, во рамките на надлежноста за уставно - судска заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, Судот, меѓу другото, ја штити и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол. Во рамките на оваа надлежност, со Одлуката У.бр.66/2021 од 7 декември 2022 година, Судот го одбил барањето на Авдула Меметај од Скопје, за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот определени во член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што се однесуваат на заштита од дискриминација на граѓаните врз основа на пол. Образложението и за овој предмет е достапно на интернет - страната на Судот.

Што се однесува до содржината на барањето под реден број четири, Судот нема надлежност да постапува за кривични дела поврзани со корупција.